Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25 и 13/25), по барање на **Национална опера и балет - Скопје,** за кастрење на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на 1 (едно) дрво (јасен) на урбано зеленило (јавно зеленило) што се наоѓа **на Бул. “Гоце Делчев” бр.4 пред влезот на објектот – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Национална опера и балет - Скопје, Бул.Гоце Делчев бр.4, поднесе барање** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. к**14-6/140** од **17.03.2026** година, за кастрење на дрвото, што се наоѓа **на Бул. “Гоце Делчев” бр.4 пред влезот на објектот – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвото предмет на барањето е високо, истото потребно е да се обликува и уреди крошната за да се намали тежината на гранките, кои паѓаат пред влезот на објектот со што можат да предизвикаат материјална и друга штета.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се

обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.
**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број к**14-6/140/2**
**19.03.2026** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

изготвил:
Виш соработник
**Марија Стојановска**
___________________

Раководител на Одд.
**Емил Ђуровиќ**
___________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
___________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**
___________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT